**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-102
23.02. **2016 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), тОчка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1016/1 од 17.02.2016 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради непочитување на правилата за емитување програма во која се пласирани производи, од страна на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка - опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), заради извршена повреда на член 55 ставови 5, 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14101/14 и 132/14), а казнива по член 148 став 1 точка 9 и став 2 од истиот Закон, на начин што телевизискиот програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), на 11 јануари 2016 година, не го означи пласирањето производи, односно – на недозволен начин пласираше производи и услуги во документарно – забавните емисии: „Ја сакам Македонија", „Тркање" и „Аграр".

Повредата од етав 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1016/1 од 17.02.2016 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен в0 тОчка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат